Erasmus+

**Што претставува Еразмус+ програмата?**

Еразмус+ е програма на Европската Унија наменета да го поддржи образованието, обуката, младите и спортот во Европа. Целите на програмата во областа на образованието и обуката се: унапредување и поддршка на образованието на сите нивоа, зајакнување на врската меѓу формалното, неформалното и информалното образование и учење; подобрување на соработката меѓу образованието и пазарот на трудот; создавање на додатна вредност за европско образованиие и европско димензионирање на образованието; поддршка на соработката помеѓу земјите кои учествуваат во дефинирањто на образовните политики.

Еразмус+ програмата исто така е фокусирана на јакнење на потенцијалите на младите за активно учество во граѓанското општество, како и на развојот на солидарноста и разбирањето меѓу културите.

Нашето училиште, за првпат, оваа година се вклучува во програма преку три проекти:

- Проектот „Ефективна училница насочена кон ученикот“ (Student Centered Effective Classroom) во рамките на акцијата К101 - Мобилност на наставен кадар во училишно образование.
- Проектот „Нашиот живот во наши раце“ (“Our Life in Our Hands“) во рамките на акцијата К229 - Стратешки партнерства за училишна размена.
- Проектот „Обновливи извори на енергија“ (“Renew Energy“) во рамките на акцијата К229 - Стратешки партнерства за училишна размена.

Целта на проектите е интернационализација на образовниот процес во нашето училиште и доближување на европските вредности и практики до нашето образование.